Врз основа на членовите 5 и 20 од Законот за здруженија на граѓани и фондации (Сл.весник на РМ бр 31/98), Законот за спортот (Сл.весник на РМ бр.29/02) и Закон за дополнување и изменување на законот за спортот (Сл.весник на РМ бр.66/04), Собранито на Едриличарската федерација на Македонија, на седницата одржана на 28.05.2007 година го донесе прочистениот текст на:

# СТАТУТ
# на
# ЕДРИЛИЧАРСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

## I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

член 1

Со овој статут се дефинира и утврдува дејноста и организациската структура на Едриличарската федерација на Македонија, кои се засноваат на Уставот на РМ, Законот за здруженија и фондациите, Законот за спортот и др. подзаконски акти со кои се регулира оваа дејност.

Едриличарската федерација на Македонија (во понатамошниот текст: ЕФМ или Федерација) е единствено доброволно спортаско здружение на едриличарски клубови и општински едриличарски сојузи, кое се грижи за спортското едрење во Македонија.

Подрачјето на делување на Федерацијата е Република Македонија.

член 2

ЕФМ е непрофитабилно правно лице без верски, расни и политички обележја.

член 3

Називот на Федерацијата гласи: **ЕДРИЛИЧАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**.

Скратениот назив гласи: **ЕФМ**.

Во односите со странство гласи: **САИЛИНГ ФЕДЕРАТИОН ОФ МАЦЕДОНИА.**

Скратениот назив во односите со странство гласи: **СФМ.**

Седиштето на ЕФМ е во Охрид, на адреса кеј"Маршал Тито" бб 6000 Охрид.

член 4

ЕФМ има свој печат,штембил, амблем и знаме.

Печатот е со тркалезна форма, во него е испишано со текст: Едриличарска федерација на Македонија и местото на седиштето-Охрид, а во средината се наоѓа амблемот на Федерацијата.

Штембилот е во правоаголна форма со испишан текст: Едриличарска федерација на Македонија - Охрид.

Амблемот е стилизација на едрилици кои пловат во вода, како доминантно обележје на федерацијата и сонце во позадина.

Знамето на Федерацијата е во сина боја, а во средината е амблемот на ЕФМ, со димензии со однос 2:1.

## II.ЦЕЛИ и ЗАДАЧИ

член 5

Цел на ЕФМ е да создаде услови за непречен развој на спортското едрење во сите негови облици во Република Македонија во склад со законите и прописите на надлежните органи и да врши поврзување со спортското едрење во Македонија со она на современиот свет.

член 6

Задачите на ЕФМ се:

- Да управува со спортското едрење.
- Афирмирање и развивање на едриличарскиот спорт.
- Донесување, надгледување, почитување, толкување и потполнување на правилата за спортско едрење и грижа за примена на меѓународните правила на натпреварите во Република Македонија и превземање дисциплински мерки во согласност со тоа.
- Доделување и одземање на статус на националн класи на едрилици и пропишување на правила и постапката за премерување на едрилиците.
- Организирање и пратење на курсеви за едрење и издавање на документ за стекнатото звање.
- Организирање систем на натпревари за едрење во Република Македонија
- Ги надгледува, организира и води сите едриличарски манифестации и активности.
- Испитување, проучување, истражување и известување за сите прашања кои се однесуваат на спортското едрење и собирање, анализирање и информирање за статистичките податоци, мислења и извештаи во врска со тоа.
- Да ги штити интересите на сите свои членови и им дава помош за активностите поврзани со едрењето.
- Барање и добивање на информации, привелегии, концесии, лиценци и овластувања од државата, владата , локалната самоуправа и други надлежни органи, за вршење на своите задачи и спротивставување на постапки и дејствија кои ги загрозуваат интересите на федерацијат и нејзините членки.
- Да членува во Меѓународната едриличарска федерација (ИСАФ) и соработува со други едриличарски федерации во странство.
- Да се зачлени во организации во Република Македонија за внатрешно делување во организираниот спорт (Македонски олимписки комитет и др.)
- Да ја развива и промовира техничката култура, како моделарството, макетарството и едрењето со радио-управувани едрилици.

- Федерацијата ќе се ангажира за популаризација на едриличарсвото, а ќе помага и иницира издавачка дејност од областа на едрењето.

## III.ПРАВА, ОБВРСКИ и ЧЛЕНСТВО

член 7

Во ЕФМ бројот на членови е неограничен.

Сите права и обврски членот ги стекнува со приемот на членство во Федерацијата.

За прием во членство одлучува извршниот одбор на ЕФМ, а го потврдува собранието на ЕФМ на своја редовна седница. Генералниот секретар врши упис на Членот во пописот на членови.

Странката на која Извршниот одбор и го одбил барањето за членство има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Собранието кое донесува конечна одлука.

член 8

Членови на ЕФМ можат да бидат едриличарски спортски здруженија (клубови) и општински и регионални едриличарски сојузи со седиште во Република Македонија чија дејност е спортско едрење, односно кои учествуваат во спортските натпревари-регати, школи за едрење, спортска рекреација, организација и водење на натпревари-регати и управување со спортските објекти.

Едриличарскиот клуб (Член) треба да обезбеди соодветени објекти, инфраструктура и мобилна опрема.

Членот треба да има соодветна едриличарска опрема (едрилици, штици за едрење, модели на едрилици и др.) кои се потврдени како олимписки и интернационални класи во согласност со правилата на Меѓународната едриличарска федерација (ИСАФ) и национални класи за кои согласно правилникот за премерување потврда дава Комисијата за премерување.

Едриличарскиот клуб (Член) треба да обезбеди соодветен стручен кадар.

Членовите треба да се регистрирани согласно законот како здруженија на граѓани или трговски друштва, како правни лица чија дејност е едрење.

Надлежниот државен орган за работите од областа на спортот издава решение за вршење дејност на спорт (едрење).

Во ЕФМ можат како придружни членови да членуваат и други здруженија, секции, едриличарско-туристички класи, клубови од техничката култура, трговски друштва, фондации за развој на спортот и други правни и физички лица кои имаат поврзаност со едрењето без право на глас во Собранието, но можат да учествуваат во работата со свои мислења, предлози, сугестии итн. Придружни членови се клубовите и здруженијата по приемот во членство од страна на Извршниот одбор до потврдување на приемот од страна на Собранието.

За почесни членови на ЕФМ можат да се прогласат оние правни или физички лица кои имаат посебни заслуги во промоцијата и исполнувањето на целта и задачите на Федерацијата и спортското едрење.

член 9

Права и обврски на секој Член се:

- Активно да учествува во работата,интересот и влијанието на ЕФМ.
- Да ги спроведува и почитува правилата ,одредбите и одлуките на ЕФМ.
- Да не делува во спротивност на целите,одредбите и Статутот на ЕФМ,
- Сите членови на ЕФМ и лицата во неговите органи се одговорни за својата работа и против нив може да се покрене дисциплинска постапка и да бидат санкционирани согласно правилата на Федерацијата,
- Да биде информиран за активностите и дејствијата на Федерацијата.

член 10

Сите Членови освен почесните се должни да плаќаат годишна членарина чија висина, за секоја категорија на членство, ја утврдува Собранието на предлог на Извршниот одбор. Членарината за секоја календарска година се плаќа однапред и доспева на 1. јануари за тековната година.

На Членот кој не платил членарина ќе му се ускратат сите права до подмирување на обврската. Генералниот секретар го брише Членот до колку во рок од 30 дена од испраќање на писмена опомена не ги подмири обврските кои траат повеќе од една година. Избришаниот Член може повторно да да биде примен во членство под услов да ги плати поранешните долгови.

Членот може доброволно да истапи од ЕФМ за што мора во писмена форма да ја извести федерацијата најдоцна до 31 декември, во спротивно е должен да плати членарина за наредната година.

член 11

Извршниот одбор може со одлука донесена со мнозинство од вкупниот број на членови, да го исклучи Членот од ЕФМ до колку го прекршил Законот или Статутот, но конечната одлука ја носи Собранието.

член 12

Предлог за почесен член се поднесува до Извршниот одбор кој го разгледува предлогот и го дава на одлучување на Собранието.

## IV.ОРГАНИ НА ЕФМ

член 13

Органи на Едриличарската федерација на Македонија се:

- Собрание
- Извршен одбор
- Надзорен одбор
- Дисциплинска комисија

## 1.СОБРАНИЕ

член 14

Со Едриличарската федерација на Македонија управува Собранието како нејзин највисок орган.

член 15

Собранието го сочинуваат по два писмено овластени делегати од секој Член ( клуб или здружение) кој ги исполнува условите согласно член 8 од Статутот.

Делегат во собранието на ЕФМ може да биде секој деловно способен државјанин на Република Македонија.

Делегатот може да овласти свој заменик во текот на мандатот со овластување на Членот кој го застапува.

Делегатот е одговорен пред Членот кој го застапува во Собранието.

Мандатот на делегатот трае четири години и не може да биде избран во повеќе од два мандати.

Мандатот на делегатот може да престане:

- Со негова писмена отставка
- Со отповикување
- Со негова смрт
- Со писмено отповикување од Членот кој го именовал, со писмено овластување за нов делегате,
- Со губење на деловната способност, и
- Доколку биде кривично осуден на казна.

Мандатот на делегатот во Собранието може привремено да престане ако е избран во друг орган на управување или Извршниот одбор го именува во некое друго постојано стручно тело на ЕФМ, согласно Статутот. Во тој случај Членот (Клубот или Здружението) е должен во рок од 15 дена да овласти нов делегатот, кој може да биде делегат најмногу до крајот на мандатот на постојниот состав на Собранието, со сите права и обврски.

Секој делегат има еден глас во Собранието.

член 16

Собранието на федерација избира Претседател на Едриличарската федерацијата на Македонија по предлог на Членовите, од редовите на членките на Федерацијата.

член 17

Собранието е највисок орган на федерацијата кое се грижи за целите и задачите на ЕФМ посебно е надлежен за:

- Донесување и изменување на статут, деловник за работа и деловници за работа на неговите тела.
- Донесување на одлуки и други акти од своја надлежност;
- Избирање Претседател на ЕФМ, Извршен Одбор, Надзорен одбор и Дисциплинска комисија.

- Формирање комисии и други тела на Федерацијата, во рамките на своите надлежности;
- Ги потврдува останатите деловници кои ги предлага Извршниот одбор;
- Го потврдува изборот и разрешувањето на другите тела на ЕФМ и ги потврдува нивните извештаи за работата.
- Утврдува долгорочна стратегија за развој на едриличарскиот спорт.
- Ги разгледува и усвојува програмите, финансиските планови, извештаите за работа и финансовите извештаи.
- Доделува признанија и награди за остварени резултати во едриличарството.
- Утврдување на критериуми за избор на членови на органи и комисии.
- Донесува одлука за примање и исклучување од членство.
- Донесува Дисциплински правилник.
- Донесува одлука за престанок на работа на Федерацијата.

член 18

Собранието одлучува на седници на Собранието.

Со седниците на собранието претседава Претседателот на ЕФМ.

Седницата на собранието може да биде редовна, вонредна, изборна и свечена.

Собранието на седницата може да работи и да донесува полноважни одлуки доколку на неа се присутни повеќе од половината делегати, а одлуките ги донесува со мнозинство на гласови.

Редовно собрание на Федерација се свикува најмалку еднаш годишно.

Изборно собрание се свикува на секои четири години.

Вонредни седници на Собранието можат да се свикаат на барање на Претседателот, Извршниот одбор, Надзорниот одбор и барање на 1/5 од членството во рок од 15 дена од барањето.

Свечените седници се одржуваат по потреба и Претседателот ги свикува по негово барање или со одлука на Извршниот одбор.

## 2.ПРЕТСЕДАТЕЛ

член 19

Претседателот на Федерацијата е извршен орган кој го избира Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број на делегати на Собранието.

Доколку во првиот круг на гласање кандидатот не го добие потребното мнозинство, во вториот круг се бираат двајцата кандидати кои добиле најповеќе гласови во првиот круг, за претседател е избран оној кандидат кој ќе освои најмногу гласови, ако за изборот на претседател гласале повеќе од половината делегати.

Предлози за кандидат за претседател може да поднесе секој Член (Клуб или здружение) на ЕФМ, најдоцна 30 дена пред изборното собрание во писмена форма до Генералниот секретар на Федерацијата.

Мандатот на претседателот трае четири години и може да биде биран најмногу во два мандати.

До колку од било кој причини претседателот престане да ја врши функцијата пред истекот на неговиот мандат, него го заменува Потпретседателот кој е должен во рок од 15 дена, да ги извести Членовите, а членовите мора да достават писмени предлози за Претседател, а во рок од 30 дена Потпретседателот е должен да свика вонредна седница на Собранието за избор на нов Претседател.

Доколку Потпретседателот не ја свика седницата од претходниот став, истата ја свикуваат делегатите, а со седницата претседава најстариот делегат.

член 20

Претседателот ја претставува и застапува ЕФМ, а во случај на спреченост може да го овласти Потпретседателот за свој заменик.

Претседателот е претставник на ЕФМ во сите тела и здруженија во кои ЕФМ е член, освен ако Собранието не одлучи поинаку.

Претседателот на ЕФМ претседава со седниците на Собранието на ЕФМ и седниците на Извршниот одбор, склучува договори и ги потпишува одлуките на ЕФМ.

Именува и разрешува Потпретседател на ЕФМ, предлага избор и разрешување членови на Извршниот одбор и комисиите и може да запре извршување на одлуки на други органи и за тоа го известува Собранието на ЕФМ.

член 21

Претседателот е во едно и претседател на Извршниот одбор и раководи со неговата работа.

Претседателот има право да свикува вонредни седници за носење на неодложни одлуки и свечени седници на Собранието на федерацијата.

Претседателот за својата работа е одговорен пред Собранието, пред кое поднесува извештај за работата најмалку еднаш годишно.

## 3.ИЗВРШЕН ОДБОР

член 22

Извршниот одбор е извршен орган на ЕФМ.

Него го сочинуваат Претседателот на ЕФМ, Потпретседателот, Генералниот секретар и 8 членови.

Неговата работа ја координираат Претседателот и Потпретседателот на Федерацијата, а делува врз основа на насоките, заклучоците и задачите на Собранието и Претседателот.

член 23

Членовите на Извршниот одбор се бираат од редовите на клубовите и здруженијата, членки на Федерацијата, по предлог на Претседателот.

Предлози за членови на Извршниот одбор се доставуваат во писмена форма до Генералниот секретар најдоцна 30 дена пред Изборното собрание.

Изборот по предлог на Претседателот го врши Собранието на ЕФМ, групно на сите членови, а доколку Собранието не го избере предложениот состав, Претседателот предлага нов состав на Извршниот одбор.

Мандатот на членовите на Извршниот одбор трае четири години и можат да бидат бирани најмногу во два мандати.

Во случај на спреченост на Претседателот, со седниците на Извршниот одбор раководи Потпретседателот на ЕФМ.

Доколку некој член на Извршниот одбор престане да ја врши функцијата пред истекот на мандатот, Извршниот одбор избира нов член со мнозинство гласови од вкупниот број на членови, а во случај во исто време да престане мандатот на повеќе од 1/3 од членовите на Извршниот одбор, Собранието избира нов Извршен одбор.

Членовите на Извршниот одбор не можат да бидат избрани во ниедно друго тело на Федерацијата, односно функцијата член на Извршниот одбор е неспоива со друга функција во ЕФМ.

член 24

Извршниот одбор ги врши сите работи во согласност со Статутот и е одговорен за својата работа пред Собранието.

Извршниот одбор е должен да се грижи за правилна употреба на финансиските сретства и имотот за целите на ЕФМ и да се грижи за работата на администрацијата на ЕФМ.

Извршниот одбор донесува интерни прописи и правилници за несметана работа на ЕФМ, за што во рок од 15 дена ги известува членовите и ги става на разгледување и гласање на првата седница на Собранието.

Извршниот одбор покрај постојаните комисии предвидени со Статутот, да формира и привремени комисии и работни групи за вршење на некои работи и задачи за потребите на ЕФМ.

Извршниот одбор исто така:

- Донесува деловник за работа на Извршниот одбор и Натпреварувачка комисија;
- Донесува правилник за работа на Судиска комисија и Комисија на премерувачи;
- Донесува одлука за основање ограноци на ЕФМ;
- Донесува програми за годишната работа и олимпискот циклус.
- Донесува Програма за работа на стручните тела на ЕФМ;
- Донесува годишен календар на натпревари;
- Донесува одлука за прием нови Членови и истата ја доставува до Собранието на потврдување;
- Ги именува и разрешува Генералниот секратар, претседателите и членовите на комисиите кои се во негова надлежност, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови;
- Именува и разрешува претседатели на ограноци.
- Заснива работни односи;
- Решава по молбите и жалбите каде нема утврдено надлежност на друго тело;
- Го одредува времето и местото на седниците на Собранието.

- Го утврдува предлогот на годишниот извештај за финансиското работење, истиот го доставува на усвојување на Собранието и усвојува финансиски план за наредната година.
- Ги води дисциплинските постапки во втор степен, ги врши работите согласно Статутот и одлуките на Собранието;
- Може да запре извршување на одлуки за што го известува Собранието на ЕФМ
- Врши други работи по одлука на Собранието.
- Извршниот одбор може да свика вонредна или свечена седница на Собранието на ЕФМ.

член 25

Извршниот одбор работи на седници.

Седниците на Извршниот одбор ги свикува Претседателот по потреба , а најмалку еднаш на два месеци.

Извршниот одбор може да работи ако на седницата се присутни повеќе од половината членови, а одлуките ги носи со мнозинство на гласови од присутните членови, освен ако со овој Статут не предвидено поинаку.

Во случај на еднаков број на гласови, за донесена одлука се смета онаа за која гласал Претседателот.

## 4.НАДЗОРЕН ОДБОР

член 26

Надзорниот одбор има 3 членови од кои еден е претседател.

Членовите на Надзорниот одбор се бираат од редовите на клубовите и здруженијата членки на ЕФМ, а ги бира собранието со мнозинство гласови од вкупниот број на делегате.

Членовите на Надзорниот одбор не можат да бидат бирани во ниту едно друго тело на ЕФМ односно функцијата член на Надзорниот одбор е неспоива со било која друга функција во ЕФМ.

Предлозите за кандидати за претседател и членови на Надзорен одбор се доставуваат по писмен пат до генералниот секретар најдоцна 30 дена пред изборното собрание.

Мандатот на членовите на Надзорнот одбор трае четири години и истите не можат да бидат бирани повеќе од два мандати.

член 27

Надзорниот одбор работи на седници.

Надзорниот одбор е посебно надлежен за:

- Контрола на законитоста на финансиското работење на ЕФМ;
- Контрола врз извршувањето на законските, договорните и други обврски на ЕФМ;
- Надзор врз примената на одредбите на Статутот и другите правилници и предлагање на мерки за спречување и отстранување на неправилностите во работата.
- Надзорниот одбор при вршење надзор доставува извештај до Собранието и телото над кое е вршен надзорот.

- Надзорниот одбор поднесува извештај за својата работа најмалку еднаш годишно.

Надзорниот одбор донесува деловник за својата работа.

### 5.ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА

член 28

Дисциплинската комисија има претседател и три членови.

Пртседателот и членовите на дисциплинската комисија се бираат од редовите на клубовите и здруженијата членки на ЕФМ

Членовите на дисциплинската комисија не можат да бидат бирани во ниту едно друго тело на ЕФМ.

Предлозите за кандидати за претседател и членови на дисциплинската комисија се доставуваат по писмен пат до Генералниот секретар најдоцна 30 дена пред изборното собрание.

Мандатот на членовите на дисциплинската трае четири години и не можат да бидат бирани повеќе од два мандати.

член 29

Дисциплинската комисија ги води дисциплинските постапки во прв степен врз основа на дисциплинскиот правилник кој го донесува Собранието.

До колку Дисциплинската комисија престане со работа нејзините ингеренции ги превзема Извршниот одбор до изборот на нова Дисциплинска комисија

Дисциплинската комисија поднесува извештај за својата работа пред Собранието најмалку еднаш годишно.

## V. СТРУЧНИ ТЕЛА

**Натпреварувачка комисија**

член 30

Натпреварувачката комисија е постојано стручно тело на ЕФМ кое го сочинуваат претседател и четири членови.

Претседателот и членовите на Натпреварувачката комисија ги назначува Извршниот одбор.

Натпреварувачката комисија за својата работа одговара пред Извршниот одбор.

член 31

Секретарите на класи кои ги избира здружението на поедина класа признаена од ЕФМ се придружни членови на Натпреварувачката комисија и ги назначува Извршниот Одбор.

Секретарите на класи во соработка со Натпреварувачката комисија ги спроведуваат програмите и плановите за работа на својата класа.

Секретарите на класи водат евиденција на едрилици и едриличари во класата и за нивните настапи на натпреварите во земјата и странство.

До колку здружението на некоја класа не постои или не делува, Извршниот одбор е надлежен на предлог од комисијата да назначи секретар на класата.

член 32

Претседателот на Натпреварувачката комисија е во едно и селектор на државната репрезентација.

Претседателот на Натпреварувачката комисија планот за работа го доставува до Извршниот одбор кој го потврдува.

член 33

Натпреварувачката комисија е одговорна и се грижи за:

- Државната репрезентација во сите дисциплине и категории на спортското едрење и класите на едрилици со потврдување и одредување на националните екипи, тренери и водачи на екипите за репрезентатувни настапи, стручни тимови за спроведување на одредени програмски задачи, посебно дад а води сметка избраните лица имаат или имале статус на врвни спортисти во Македонија и/или да се стручно оспособени за вршење работи во спортот.
- Спроведување на олимпискиот програм.
- Издавање на дозволи за натпреварување во странство.
- Предлог до Извршниот одбор за состав и календар на натпревари и бодување на регати за состав на државна репрезентација.
- Подготовки на репрезентацијата.
- Потврдени ранг листи на спортистите.
- Категоризација на спортистите.
- Точна евиденција на резултатите.
- Оспособување на стручен кадар за работа во спортското едрење.
- Други работи со кои ќе ја задолжи Извршниот одбор.

За својата работа Натпреварувачката комисија доставува годишен извештај до Извршниот одбор кој го презентира пред Собранието.

**Судиска комисија**

член 34

Судиската комисија е постојано стручно тело на ЕФМ кое го сочинуваат претседател и два членови и кое раководи со Судиската организација.

Претседателот и членовите на Судиската комисија ги назначува Извршниот одбор.

Судиската комисија за својата работа одговара пред Извршниот одбор.

Членовите на Судиската организација се сите едриличарски судии, а нивната работа, обврски и права се одредени со Правилникот на судиската организација.

Правилникот на Судиската организација го предлага Судиската комисија, а го донесува Извршниот одбор.

**Комисија на Одборот за премерување**

член 35

Комисијата на Одборот за премерување е постојано стручно тело на ЕФМ кое го сочинуваат претседател и два членови.

Претседателот и членовите на Комисијата за премерување ги назначува Извршниот одбор.

Комисијата за премерување за својата работа одговара пред Извршниот одбор.

Членови на Одборот на премерувачи се сите едриличарски премерувачи, а нивната работа, обврски и права се одредени со правилникот на Одборот на премерувачи.

Правилникот на Одборот на премерувачи го предлага Комисијата на премерувачи, а го донесува Извршниот одбор.

**Генерален секретар**

член 36

Генералниот секретар го именува и разрешува Извршниот одбор на ЕФМ.

Неговиот мандат трае 4 години.

Генералниот секретар може да биде во работен однос или волонтер.

Генералниот секретар е одговорен пред Претседателот од кого добива задачи. Неговите права и обврски се утврдуваат со договорот за работа.

член 37

Условите за работниот однос на генералниот секретар ги пропишува Извршниот одбор во согласност со законот.

член 38

Генералниот секретар е посебно задолжен за административната работа на ЕФМ:

- Учествува во работата на Извршниот одбор и Собранието на ЕФМ;
- Ги подготвува седниците на Собранието, Извршниот одбор и седниците на другите органи на ЕФМ;
- Ја води архивата и документацијата на ЕФМ;
- Го организира подготвувањето на седниците на органите на ЕФМ;
- Врши други работи што ќе ги добие како задачи од Претседателот, Собранието и Извршниот одбор.

## VI. МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

член 39

Федерацијата за извршување на својата дејност располага со материјално -финансиски сретства.

Приходите и расходите на Федерацијата се утврдуваат со материјално - финансиски план кој го донесува Извршниот одбор.

Во текот на годината може да се врши изменување и дополнување на материјално-финансискиот план.

Приходи за реализација на програмските задачи се остваруваат од:

- Сопствени дејности.
- Членарина
- Донаторство
- Извршена реклама
- Казни
- Спонзори
- Издавачка дејност
- Државна сметка за јавен интерес во спортот во согласност со член 24 од Законот за спорт
- Други извори

член 40

Материјално-финансиско работење го реализира стручна служба на Федерацијата соглсно законите и превилникот.

За приходите и расходите се води книговодствена евиденција.

Наредбодавател за извршување на финансискиот план и програма е Претседателот или овластено лице од Претседателот.

Овластени потписници на жиро-сметката на ЕФМ е Претседателот, а Претседателот може да овласти и други потписници.

## VII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

член 41

Работата на Федерацијата е јавна.

Јавност во работата се обезбедува преку:

- Соопштенија и записници до своите Членови.
- Широката јавност преку средствата за јавно информирање и њеб страна.
- Државните и други тела во кои членува со извештаи.

## VIII. ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ-ОГРАНОЦИ

член 42

Организациони единици на ЕФМ се едриличарските сојузи кои се формираат на ниво на општини (региони).

Нив ги формираат најмалку два едриличарски клубови од Општината (регионот).

Основањето и работата на организационите единици се утврдува со Деловник кој го донесува Собранието на ЕФМ.

## IX. ПРИЗНАНИЈА И НАГРАДИ

член 43

ЕФМ доделува признанија и награди за постигнати спортски успеси, заслуги и придонес во спортското едрење на правни и физички лица.

Критериуми за доделување на признанија и награди утврдени се со поисебен правилник кој го донесува Собранието.

## X.ПРЕСТАНОК НА РАБОТА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

член 44

ЕФМ престанува да постои со одлука на Собранието донесена со двотретинско мнозинство од вкупниот број на Членови или од други причини согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации.

член 45

Во случај на престанок на работа на ЕФМ остатокот од имотот после подмирувањето на сите долгови и обврски не може да се подели или отуѓи на било кој начин туку се отстапува на правен наследник доколку постои, во спротивно ќе и припадне на Република Македонија.

## XI.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

член 46

Статутот го донесува Собранието со мнозинство на гласови од вкупниот број на делегати на Собранието.

Измени и дополнувања на Статутот донесува Собранието на начин и постапка како при негово донесување.

Предлог за измени и дополнувања можат да поднесат Собранието, Претседателот на ЕФМ и Извршниот одбор.

Актите утврдени со овој Статут ќе се донесат во рок од 1 година од стапувањето во сила на овој Статут.

член 47

Овој Статут започнува да се применува со денот на неговото донесување.

Со примената на овој Статут престанува да важи Статутот на ЕФМ донесен на 01.11.2002 година.

Едриличарска федерација на Македонија

Охрид, 28.05.2007

Претседател,

Љупчо Поп-Стефанија